АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак: 0101
Рок на чување: ТРАЈНО год.
04.07 2019 година
Потпис,

Врз основа на член 25 став 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата одржана на 04.07.2019 година, го усвои следниот

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување на Правилникот за инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за технолошка екстензија

**Член 1**

Во Правилникот за инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за технолошка екстензија бр. 01-432/3 од 08.05.2018 година, во членот 6 став 2 во алинејата 1, во членот 7 став 3 во алинејата 1 и во членот 15 зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Фондот, а ќе се објави по добивање на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

Бр. 01-1425/15
04.07.2019 година

Претседател на Управен одбор на
Фондот за иновации и технолошки развој
Моника Јованова

Архивски знак 0101
Рок на чување ТРАЈНО год.
08.05 20 18 година
Потпис

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Врз основа на член 25 став 4 од Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2013, 137/2013, 41/2014, 44/2015, 6/2016, 53/2016, 190/2016 и 64/2018), Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој, на седницата одржана на 08.05.2018, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за технолошка екстензија

### Член 1

Со овој правилник се уредуваат основните карактеристики на инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за технолошка екстензија (во натамошниот текст: „Инструментот“), критериумите и постапките за аплицирање за кофинансирани грантови и критериумите и постапките за доделување на кофинансираните грантови.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Цел на Инструментот

### Член 2

Целта на Инструментот е да се подобри усвојувањето и прилагодувањето на иновативни, напредни технологии, know-how и технолошки процеси во малите и средни претпријатија (во натамошниот текст: „МСП“). Целта е да се подобрат технолошките способности на постојните индустрии и бизниси преку премостување на јазот помеѓу постоечките знаења веќе достапни глобално и локалните индустрии. Се очекува Инструментот да има секторско влијание и долгорочен позитивен придонес кон зголемување на конкурентноста.

### Опис на Инструментот

### Член 3

Финансирањето доделено преку овој Инструмент е наменето за поддршка на усвојување и прилагодување на иновативни и напредни технологии и подобрување на деловните процеси во македонските МСП. Технолошката екстензија треба да биде насочена кон група на МСП со цел да се подобри нивната продуктивност и конкурентност и да се постигне секторско влијание.

Поддршката може да биде доделена за две фази од технолошката екстензија: Фаза 1 - Дијагностика и План за подобрување; и Фаза 2 - Имплементација на План за подобрување. Во случај веќе да постои Дијагностика и План за подобрување, апликантот може да аплицира само за Фаза 2.

За да биде подобна за финансирање преку овој Инструмент, дијагностиката на технологијата мора да го содржи следново:

- Проценка на:
    - Лидерство (на пример, стратешка насока, основни компетентности итн.);

- Луѓе / човечки ресурси;
  - Партнерства и ресурси;
  - Внатрешни процеси;
  - Производствени и оперативни технологии;
  - Производи и услуги;
  - Клиенти и конкуренти;
  - Финансиски и оперативни перформанси; и
  - Еколошка одржливост.
- Идентификација на:
  - Релативни предности и слабости на претпријатието;
  - Стратешки деловни прашања за претпријатието;
  - Критични области за подобрување на работењето во рамките на претпријатието; и
  - Потенцијални начини за претпријатието да расте.
- План за подобрување кој ги опишува наодите и симптомите, приоритетните активности со предложените придобивки, временската рамка за имплементација и каква друга помош е достапна за МСП.

Следново, исто така, ќе биде пожелно и може да се смета за опционо:

- Проценка на секторскиот синџир на набавки, со оглед на тоа што друштвата вклучени во секој предлог, најверојатно, ќе вршат истородна дејност;
- Спроведување на формална анализа која дава клучни индикатори за перформанси според кои ќе се мерат промените и подобрувањата.

Дијагностиката може да вклучи различни методологии и сеопфатни анализи, но Планот за подобрување мора да се однесува на ***секое*** МСП определено како краен корисник во Фаза 2 одделно и на урамнотежен начин.

Во случај веќе да постои Дијагностика и План за подобрување, експерт со искуство во спроведување на минимум 3 (три) дијагностики за технолошка екстензија, од кои најмалку 1 (една) се однесува на повеќе МСП во конкретното поле кое е најрелевантно за предлог проектот, мора да потпише Изјавата за со која се потврдува дека се исполнети условите од ставот 3 на овој член, без разлика дали истиот експерт ја спровел дијагностиката или не.

**Општи услови за кофинансирање**

**Член 4**

Преку овој Инструмент Фондот за иновации и технолошки развој (во понатамошниот текст: „Фондот“) обезбедува финансирање **до 50%** (педесет проценти) од вкупниот буџет на проектот во максимален износ од 500.000,00 евра (петстотини илјади евра) заедно за двете фази.

Преостанатиот износ од вкупниот буџет на проектот треба да го обезбеди апликантот. Средствата добиени од Фондот по кој било друг основ или друга форма на државна помош не се прифатливи како кофинансирање од апликантот.

За проекти кои се состојат само од Фаза 2 - Имплементација на Планот за подобрување, горните граници на буџетот и на кофинансирањето утврдени во ставот 1 на овој член ќе се применуваат за целото времетраење на проектот.

За проекти кои се состојат од Фаза 1 - Дијагностика и План за подобрување; и Фаза 2 - Имплементација на Планот за подобрување, буџетот за спроведување на Фазата 1 може целосно да биде покриен од страна на Фондот. Финансискиот придонес на Фондот за Фаза 1 не смее да надмине 10% од вкупно дозволеното кофинансирање од страна на Фондот за целиот проект т.е. не смее да надмине максимален износ од 50.000,00 евра (педесет илјади евра). Кои било дополнителни трошоци во рамките на Фазата 1 ќе паднат на товар на корисникот.

За проекти кои се состојат од двете фази, финансирањето на Фаза 2 се условува со претходно одобрување од страна на Комитетот за одобрување на инвестиции (во натамошниот текст: „КОИ“) на доставената Дијагностика и План за подобрување и Извештајот за имплементација на Фаза 1.

Кофинансирањето од страна на Фондот за вкупниот буџет на проектот (кумулативно за Фаза 1 и Фаза 2) не може да ги надмине границите на кофинансирање утврдени во ставот 1 на овој член.

Кофинансирањето од страна на Фондот наменето за имплементација на Планот за подобрување не смее да надмине 200.000,00 евра (двесте илјади евра) за поединечен краен корисник (МСП).

**Времетраење на проектот**

**Член 5**

Вкупното времетраење на проектите (Фаза 1 и Фаза 2) финансирани преку овој Инструмент не смее да надмине 24 (дваесет и четири) месеци.

Времетраењето на имплементација на Фаза 1 не смее да надмине 6 (шест) месеци.

Проектите кои вклучуваат само Фаза 2 не смеат да надминат 24 (дваесет и четири) месеци.

Фондот може да одобри мали продолжувања на времетраењето на проектот, до 3 (три) месеци, врз основа на оправдани околности.

Секое продолжување подолго од наведеното во ставот 3 на овој член се одобрува само по одлука донесена од КОИ.

Во добро оправдани случаи, проектите може да се продолжат за вкупно 12 (дванаесет) месеци по претходно одобрување од страна на Фондот во согласност со ставовите 3 и 4 на овој член.

## Критериуми за подобност на апликант

### Член 6

Апликантот е правното лице кое ќе ги обезбедува услугите за технолошка екстензија и поддршката на групата МСП како крајни корисници.

Критериумите за подобност кои апликантот треба да ги исполнува се:

- да биде правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија;
- да биде правно лице основано во согласност со Законот за здруженија и фондации или основано во согласност со Законот за трговски друштва или основано во согласност со Законот за стопанските комори кое треба да дејствува како кластер, стопанска интересна заедница или деловно здружение;
- да има најмалку 50,1% македонски основачи / сопственици.

Критериумите за подобност кои тимот за имплементирање на апликантот треба да ги исполнува се:

Проект менаџер:

- Искуство во управувањето со големи проекти со буџет над 200.000,00 евра (двесте илјади евра);
- Искуство во управувањето со проекти кои го вклучуваат приватниот сектор.

Проектен тим:

За Фаза I (ако е применливо):

- Најмалку еден член на тимот да има искуство во спроведување на минимум 3 (три) дијагностики за технолошка екстензија (во согласност со одредбите од член 3 од овој Правилник), од кои најмалку 1 (една) да се однесува на повеќе МСП во специфичната област најрелевантна за предлог проектот.

За Фаза II:

- Најмалку еден член на тимот да има најмалку 5 (пет) години професионално искуство во обезбедување услуги во конкретната област во приватниот сектор;
- Најмалку еден член на тимот да има професионално искуство во давање услуги во конкретната област на најмалку 5 (пет) МСП.

## Критериуми за подобност на краен корисник (крајни корисници)

### Член 7

Сите сектори имаат право на финансирање преку овој Инструмент.

Крајните корисници се МСП за кои е наменета технолошката екстензија.

Критериумите за подобност за секој краен корисник се:

- да е претпријатие основано во согласност со Законот за трговски друштва и е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија,
- да биде микро, мало или средно претпријатие (до 250 вработени),
- да биде со доминантно македонска сопственичка структура (од 50,1% или повеќе)[1],
- да биде во сопственост на физичко(и) лице(а) и/или микро, мало(и) или средно(и) претпријатие(ја) (со македонска сопственичка структура од 50,1% или повеќе) и/или високообразовна(и), односно научно-истражувачка(и) установа(и) (до 20% сопственост во крајниот корисник),
- да нема акумулирано повеќе од 200.000,00 евра (двесте илјади евра) помош од мало значење во последните три фискални години, вклучувајќи го и износот што го бара од Фондот во согласност со Законот за државна помош и Уредбата за условите и постапките за доделување на помош од мало значење (de minimis),
- да нема акумулирано повеќе од 100.000,00 евра (сто илјади евра) помош од мало значење во период од три години, вклучувајќи го и износот што го бара Фондот, ако претпријатието е активно во секторот за патен транспорт, согласно Законот за државна помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis),
- да нема потешкотии во работењето (едно претпријатие е во потешкотии кога не е во можност да ги исполни своите обврски од своите сопствени средства или од средства што може да ги добие од сопственикот / содружниците или доверителите, за да ги покрие загубите што без надворешна интервенција на давателите на помош многу веројатно ќе доведе до краткорочен и долгорочен прекин на работењето на претпријатието),
- да не се занимава со производство на јаглен.

**Подобни трошоци за финансирање**
**Член 8**

Следните трошоци ќе бидат подобни за финансирање:

Фаза 1 – Дијагностика и План за подобрување:

- Трошоци за управување и администрација до 7% од вкупниот буџет за Фаза 1;
- Консултантски услуги за дијагностика и изготвување на План за подобрување.

Фаза 2 – Имплементација на План за подобрување:

- Трошоци за управување и администрација до 7% од вкупниот буџет за Фаза 2;
- Трошоци поврзани со набавка на нова технологија (на пример, продажна цена, превоз, царина, осигурување, инсталација, обука, ДДВ, итн.);

[1] Крајниот корисник е во мнозинска сопственост (над 50,1 %) на македонски државјани/н

- Трошоци поврзани со адаптација на инфраструктурата директно поврзана со конкретните активности за технолошка екстензија;
- Трошоци поврзани со набавка на лиценци (надоместоци за лиценцирање);
- Трошоци поврзани со обезбедување на квалитет, сертификација и стандардизација;
- Консултантски услуги поврзани со имплементација на Планот за подобрување (вклучувајќи развој на техничка спецификација).

Само трошоците направени за време на проектот во согласност со одобрениот буџет на проектот и завршени до крајот на проектот се подобни за финансирање.

Трошоци кои не се подобни за финансирање според овој Инструмент се:

- Камата или долг на друга страна;
- Трошоци и провизии за минати или можни идни загуби или долгови;
- Курсни загуби, провизии и казни;
- Трошоци за репрезентација;
- Трошоци за регрутирање на кадар и трошоци за преселба на кадар;
- Набавка на земјиште или згради, вклучувајќи какво било реновирање;
- Готовински исплати од посебната сметка за проектот;
- Извозни активности (трошоци директно поврзани со извозните активности или воспоставување и работење со дистрибутивна мрежа или други тековни трошоци поврзани со извозните активности на компанијата);
- Набавка на товарни превозни возила од претпријатија што вршат товарен патен превоз за изнајмување или надоместок;
- Набавка на половна опрема.

Трошоците за спроведување на активности кои претходно биле финансирани од други извори исто така не се подобни за финансирање.

Листата на трошоци од став 5 на овој член не е исцрпна.

## II. ПРОЦЕС НА АПЛИКАЦИЈА

### Член 9

Фондот објавува јавен повик за доделување средства според овој Инструмент.

Јавниот повик се објавува во најмалку два јавни медиуми и на веб-страната на Фондот.

Крајниот рок за поднесување на предлог проектите ќе биде определен помеѓу 30 (триесет) и 90 (деведесет) дена од објавувањето на јавниот повик.

Содржината на јавниот повик е уредена во Правилникот за управување со инструментите за поддршка на Фондот за иновации и технолошки развој (во натамошниот текст: „Правилникот за управување“).

Вкупниот буџет на секој јавен повик го утврдува Фондот во согласност со Годишната програма за работа и Годишниот финансиски план на Фондот.

За да поднесат предлог проект во врска со јавниот повик, апликантите треба да пополнат Проектна апликација и Буџет на проектот, заедно со останатата документација што е наведена во Правилникот за управување и во јавниот повик.

За проекти кои вклучуваат само Фаза 2 - Имплементација на Планот за подобрување, покрај документацијата наведена во Правилникот за управување, апликантите треба да достават и:

- Посебен документ за спроведената Дијагностика и План за подобрување што се во согласност со одредбите од член 3 на овој Правилник. Дијагностиката, исто така, треба да вклучува рамка за мониторинг и евалуација базирана на резултати за спроведување на Планот за подобрување;
- Изјава за усогласеност.

## III. ЕВАЛУАЦИЈА

### Процес на евалуација
### Член 10

Правилата и постапките за административна проверка на предлог проектите се поподробно уредени во Правилникот за управување.

При проверка на предлог проектите, Комисијата за административна проверка се води според Документот за административна проверка на предлог проектите.

Конечната одлука за доделување на средства преку овој Инструмент е во надлежност на Комитетот за одобрување на инвестиции.

Деталните правила и процедури за доделување на средства се уредени во Правилникот за управување.

### Критериуми за евалуација на проектите
### Член 11

Главните критериуми за евалуација на проекти и доделување средства преку овој Инструмент се:

- Технолошко подобрување;
- Квалитет на проектот;
- Капацитет на проектниот тим;
- Пазарен потенцијал:
- Соработка;

- Влијание;
- Процедури за обезбедување квалитет, стандардизација и сертификација.

Главните критериуми и подкритериуми за евалуација на проектите се дадени во Табела за евалуација.

## V. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ И НАДЗОР

### Член 12

Корисникот има обврска да го спроведе проектот ефективно и ефикасно во согласност со Договорот за доделување средства и во согласност со добрите технички, економски, финансиски, управувачки, еколошки и социјални практики и стандарди.

Корисникот има право да изврши пренамена на средства во износ од 3% (три проценти) од вкупниот буџет за секоја фаза и во износ од 3% (три проценти) од буџетот наменет за имплементација на Планот за подобрување кај крајните корисници за целото времетраење на проектот со цел постигнување на очекуваните резултати од проектот. Корисникот е должен да го извести Фондот за пренамената во рамки на извештаите.

Секоја промена на Проектната апликација и Буџетот на проектот (на пример, промени во планот на активности, клучните луѓе на проектот, итн.) треба да биде претходно одобрена од страна на директорот на Фондот. Фондот ќе се стреми брзо да обезбеди одговор и одобрение.

Секоја промена на Буџетот на проектот во износ повисок од 3% (три проценти) од вкупниот буџет на секоја фаза и во износ од 3% (три проценти) од буџетот наменет за имплементација на Планот за подобрување кај крајните корисници треба да биде претходно одобрена од страна на Фондот. Фондот ќе се стреми брзо да обезбеди одговор и одобрение.

Корисникот ќе потпише договор со секој краен корисник за дефинирање на правата и обврските на двете страни, вклучително и правото на интелектуална сопственост и сопственост на набавена опрема, доколку е применливо.

Деталните правила и процедури за спроведување на проектот се уредени во Правилникот за управување.

### Член 13

Фондот врши надзор над проектот преку разгледување на извештаите поднесени од корисникот, преку теренски посети и евалуација на резултатите од проектот.

Правилата и процедурите за надзор на проектот, следење и евалуација на резултатите од проектот се уредени во Правилникот за управување.

Покрај Квартални извештаи за напредок и Завршниот извештај, во случај на спроведување на проекти кои се состојат од Фаза 1 и Фаза 2, Извештај за имплементација на Фаза 1 (треба да биде доставен до Фондот не подоцна од 21 (дваесет и еден) ден по завршувањето на Фаза 1.

**Член 14**

За целите на проектот корисникот треба да отвори посебна банкарска сметка.

Сите исплати од Фондот и од сопственото кофинансирање на корисникот ќе се пренесат на посебната банкарска сметка како авансни плаќања во согласност со Буџетот на проектот и во согласност со член 15 и член 16 од Правилникот за управување.

За предлог проектите што ги вклучуваат Фаза 1 и Фаза 2, финансирањето за Фаза 2 зависи од претходното одобрување од страна на КОИ на доставената Дијагностика и План за подобрување и на доставениот Извештај за имплементација на Фаза 1.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

За сите работи кои не се уредени со овој Правилник, ќе се применуваат одредбите од Правилникот за управување и законските прописи на Република Македонија.

**Член 16**

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за инструментот за поддршка – кофинансирани грантови за трансфер на технологии бр. 01-477/1 од 07.09.2015 година.

**Член 17**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласната табла на Фондот, а се објавува по добиена претходна согласност од Владата на Република Македонија.

**Бр.** 01-432/3
**Скопје,** 08.05.2018

**Претседател на Управен одбор**
**Моника Јованова**